**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Александар Кузмановски**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Гостивар и Кичево**
**ул.Браќа Ѓиноски бр.20-1/5/2**
**тел. 042 27 24 24**

**Образец бр.66**

**И.бр. 878/2024**

Извршителот Александар Кузмановски од Гостивар, ул.Браќа Ѓиноски бр.20-1/5/2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложен доверител Халк Банка АД Скопје од Скопјесо ЕДБ 4030993162028 и ЕМБС 4627148 и седиште на ул.Свети Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа Нотарски акт-Договор за залог Хипотека врз недвижност ОДУ.бр.62/18 од 08.02.2018 год. на Нотар Елица Коруноска Богоески од Кичево и Нотарски акт –Анекс кон Договор за залог Хипотека врз недвижност ОДУ.бр.322/2020 од 24.07.2020 год. на Нотар Елица Коруноска Богоески од Кичево, против должникот Друштво за градежништво,трговија и услуги Градител Дизајн увоз-извоз Другово Кичево Дооел со ЕДБ 4012015511764 и ЕМБС 7058675и седиште наул.Треска бр.2Б -Другово, и заложен должник Друштво за трговија, градежништво, производство и услуги РОБЕРТ ПРОМ увоз-извоз ДООЕЛ с.Другово-Другово со ЕДБ 4012004116669 и ЕМБС 5852609 и седиште во с.Другово, за спроведување на извршување во вредност 5.943.675,00 денари на ден 16.07.2026 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ТРЕТА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА трета продажба** со усно јавно наддавање на недвижниот имот запишан во **Имотен лист бр.1821 за КО МАКЕДОНСКИ БРОД** со следните ознаки:

**-КП.бр.4119, дел 0, адреса Маршал Тито,број на зграда 1, намена на зграда Б2-2, влез 1, кат ПР, број 3,намена на посебен дел ДП, со внатрешна површина од 32м2** ,кој се наоѓа во сопственост на заложниот должникДруштво за трговија , градежништво, производство и услуги РОБЕРТ ПРОМ увоз-извоз ДООЕЛ с.Другово-Другово, со соодветен дел од земјиште под и околу зграда кое за редовна употреба и користење му припаѓа на посебниот дел кој беше запишан во **Имотен лист бр.3129 за КО МАКЕДОНСКИ БРОД а сега е запишан во Имотен лист бр.3253 за КО МАКЕДОНСКИ БРОД** со следните ознаки :
**КП.бр.4119, викано место/ улица МАРШАЛ ТИТО, катастарска култура гз гиз , површина 167м2,**
**КП.бр.4119, викано место улица МАРШАЛ ТИТО ,катастарска култура гз зпз 1, површина 254м2,**
**КП.бр.4125, дел 2, викано место/улица УЛ.7-МИ СЕПТЕМВРИ, катастарска култура гз гиз , површина 12м2,**
**КП.бр.4243, дел 2, викано место/улица УЛ.7-МИ СЕПТЕМВРИ, катастарска култура гз гиз , површина 1м2**, кој се наоѓа во заедничка сопственост на должникот Друштво за трговија , градежништво, производство и услуги РОБЕРТ ПРОМ увоз-извоз ДООЕЛ с.Другово-Другово со утврдена вредност во износ од 26.433,00 евра , односно во противредност во денари износ од 1.625.482,00 денари која вредност на предлог од доверителот е намалена на износ од 17.622,00 евра односно во денарска противредност износ од 1.083.655,00 денари и истата претставува почетна цена за продажба на недвижноста под која недвижноста не може да се продаде на третото усно јавно наддавање.

Продажбата ќе се одржи на ден 11.08.2026 година во 13.00 часот во просториите на Извршител Александар Кузмановски во Гостивар на ул.Браќа Ѓиноски бр.20-1/5/2.

Вредноста на погоре наведената недвижност е утврдена со Заклучок за утврдување на вредност на недвижност И.бр.878/2024 од 14.03.2025 година на извршителот Александар Кузмановски,

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености и тоа :воспоставена хипотека во корист на ХАЛК Банка Ад Скопје со Договор за залог на недвижен имот ОДУ.бр.62/18 од 08.02.2018 година на Нотар Елица Коруноска Богески и Анекс кон Договор за залог врз недвижност ОДУ.бр.322/2020 од 24.07.2020 год. на Нотар Елица Коруноска Богоески од Кичево, Налог за извршување И.бр.767/2022 од 20.11.2023 година на Извршител Весна Јакимовска ,Налог за извршување И.бр.766/2022 од 20.11.2023 година на Извршител Весна Јакимовска ,Налог за извршување И.бр.973/2022 од 20.11.2023 година на Извршител Весна Јакимовска , Налог за извршување И.бр.878/2024 од 04.04.2024 година на Извршител Александар Кузмановски. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со **бр.240190361123114 која се води кај УНИ Банка Ад Скопје** и даночен број ЕДБ 5007013506810 најдоцна еден ден пред продажбата, односно заклучно со 10.08.2026 година .На лицата кои ќе уплатат гаранција после овој датум нема да им биде овозможено право на учество на јавното наддавање.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Слободен печат и електронски на веб страницата на КИРСМ .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Александар Кузмановски

X ____________________

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до надлежниот Основен суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.